Агенција за вработување на Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активните програми и мерки за вработување за 2015 година и Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015, Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден **23.02.2015 година**, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**до**
**работодавачи за вработување на невработени лица за вклучување**
**во мерката Обука на работно место со субвенционирано вработување**

1. Се повикуваат заинтересираните работодавачи, кои имаат потреба за вработување на соодветни лица по претходно реализирана обука во траење од 3 (три) месеци, да се пријават во работните клубови на Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на РМ.

2. Работодавачот ќе биде обврзан да достави план/програма за обука, според однапред подготвен образец. Обуката на невработените лица ќе се спроведува во работните простории на работодавачите.

3. Работодавачот ќе издаде потврда за реализираната практична обука на лицата кои успешно ќе ја завршат обуката.

4. Приоритет ќе имаат следните категории на невработени лица:

    - лица на возраст 50-55 години
    - лица со основно образование и помалку
    - млади лица до 29 години со основно образование
    - долгорочно невработените
    - корисниците на социјална помош и лицата од ранливите категории на население соочени со бариери на пазарот на трудот

5. Работодавачот заинтересиран да учествува во оваа мерка, не смее да го намали бројот на вработени на неопределено време 6 месеци пред објавувањето на јавниот оглас се до склучување на договорот за субвенција.

6. Обучуваните лица ќе добијат 6.200,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување.

7. По завршување на обуката на работното место, работодавачот е обврзан да ги вработи сите обучени лица за што ќе добие субвенција за вработување во форма на финансиска поддршка за бруто плата во износ од 19.000,00 денари месечно за период од 6 месеци со полно работно време, од кои 14.000,00 денари за невработеното лице и 5.000,00 денари ги задржува работодавачот, како надомест за направените трошоци за подготовка на

лицето во работниот процес. Работодавачот има обврска да го задржи на работа субвенционираниот работник во следните 12 месеци и да не го намали бројот на вработените на неопредлено време.

8. Заинтересираните работодавачи од точка 1 на овој Јавен оглас, пријави можат да поднесат од **23.02.2015 до 31.12.2015 година** во работните клубови на Центрите за вработување.

9. Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на РМ, работодавачите и кандидатите.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на РМ, контакт центарот 02-3298-297 и веб страната www.avrm.gov.mk.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА